***З А П И С Н И К***
***од итна седница Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 08.06.2021 година***

Седницата се одржа во Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет и тоа: Благоја Станојоски, Марија Кочовска, Николче Димитријовски, Весна Ориќанска, Татјана Кочовска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Валентина Ѓорѓиовска, Мишко Поповски, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски Христина Бојаџиева Андреска. На седницата присутен беше Градоначалникот на општина Демир Хисар Марјанче Стојановски. На седницата присутни беа претставници од општинската администрација Мише Милошевски и Јасмина Василеска Перчаковска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година.
2. Донесување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културното богатство“.
3. Донесување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културното богатство“.
4. Предлози и прашања

Претседателот на Советот ја отвори седницата, предложениот Дневен ред го стави на гласање. За усвојување на Дневниот ред гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС за 2021 година објаснување имаше претставникот Јасмина Василеска Перчаковска. Оваа одлука беше на предходната седница останува се исто. Пред да се премини на расправа по точката советничката Христина Бојаџиева Андреска побара пауза од 5 минути. После паузата советникот Мишко Поповски праша зошто не се прифати предлогот кој го дадовме на предходната седница, не можи во едно претпријатие со 4 возачи да има директор и раководител, можи да има референт за правни работи и човечки ресурси, но не и раководител. Ќе нема административно лице. Претставникот Јасмина Василеска Перчаковска објасни планот е правен по систематизацијата, таму така е предвидено. Годишниот план треба да се донеси за да можи возачите да се преземат. Во врска со точката Раководителот Мише Милошевски дополнително објасни во систематизацијата покрај овие има планирано уште две работни места референт за сметководство и за правни работи и човечки ресурси. Но не се планира да се пополнат овие работни места, сега се планира да се префрлат возачите и да се вработи раководител. Со тоа да се растерети општината и претпријатието да можи да профункционира, има барања за услуги за превоз, вака не можи да врши услуги за превоз и така да остварува дополнителни приходи. Советничката Марија Кочовска додаде секаде има така и директор и раководител. Кај пишува дека неможи, има случаеви да има раководител, а нема никој

вработен. Советничката Христина Бојаџиева Андреска додаде во поголемите претпријатија да, ние овде стартно одиме со раководител. Советникот Мишко Поповски додаде секое јавно претпријатие има систематизација на повеќе вработени можи, но за пет вработени раководител и директор неможи. Секако дека има такви случаеви раководител без вработени, но работата е да не бидиме и ние така. Барате да се вработи раководител на сообраќај, тоа работно место е за директорот што е сега, кога ќе вработи местото директор останува празно, тоа се две работни места со иста надлежност, затоа предложив да биди рефрент по работни односи. Од самиот почеток нема логика прво ни велевте општината ќе ги вози учениците, потоа не можи општината па комуналното претпријетие, па не можи тоа, ќе формираме јавно претпријатие за превоз само возачите и еден вработен, и тогаш ви велев неможи еден вработен ќе треба повеќе вработени, сега вие барате да има раководител и директор, не оди едно со друго, двете работни места имаат исти задачи што ќе работи директорот, што ќе работи раководителот. Ако барате само да вработите некого тоа е веќе друго, ако се вработи референт по работни односи тоа веќе има други работни задачи. Има работни места кои неможи да ги покрива директорот, дали ќе зема плата од општината или од јавното претпријатие тоа е исто.  Претставникот Мише Милошевски додаде тоа не е исто, пример како раководител на одделение за ЛЕР покривам поголем дел од работите на урбанизам кои не се мои работни задачи, мора така 30 % од вработените се возачи и хигиеничари не можам јас да покривам 5 работни места. Има недостаток од соодветно распореден кадар. Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна во општината се повеќе од 50 вработени, а испаѓа дека само 2-3 работат тогаш што прават другите. Дали тие работни места кои ги покриваш се систематизирани и се пополнети. Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде грешка е правено повеќе години наназад кога се правеле непланирани вработувања. Претставникот Мише Милошевски додаде не реков дека непплански се вработувани секој има свои работни задачи, но некој има премногу, а некој не. И некој вработени работат работи кои не му се во работни задачи, во одделението за ЛЕР треба двајца вработени кои ќе подготвуваат апликации, а таму едниот вработен работи работни задачи на информатичар, а другиот вработен јавни набавки. Советничката Христина Бојаџиева Андреска додаде во општината се вработија многу луѓе. Советникот Мишко Поповски праша  дали возачите се со редовен работен однос, ние донесовме одлука за вработување на 4 возачи. Дали постои можност од нив двајца да останат во општината, двајца да одат во јавното претпријатие и да треба нови двајца возачи да се вработат. Претставникот Мише Милошевски објасни во јавното претпријатие по систематизација има 4 возачи толку и комбиња има, има двајца советници еден за финансии и еден за правни работи и човечки ресурси, еден раководител и еден директор. Во систематизацијата во општината има двајца возачи еден возач за градоначалникот и еден за администрацијата. Се вработија тројца возачи за комбињата и еден од општината вози, со донесување на планот ќе се префрлат тројца возачи кои се вработени за комбињата. Советникот Мишко Поповски  додаде тројца возачи и четири комбиња значи ќе треба уште еден возач. Од самиот почеток целата постапка е нелогична, административните работи ги работи општината, мора да има вработено благајник, шефот на сметководство неможи да биди и благајник. Вакви работни места се потребни, вака упорно се турка само да се вработи лице, а не да се гледа да профункционира претпријатието, сега стана биро за вработување. Седнете направете план  стратегија, за сметка на лицата кои се протуркуваат само да се вработат ќе останат возачите без работа. Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде цело време се кочи работата со претпријатието. Советничката Влентина Ѓорѓиовска праша дали преземањето ќе се врши со оглас. Претставникот Јасмина Василеска Перчаковска објасни постапката после ќе се утврди, сега треба само план за вработување, а хигиеничари во општината не се многу само еден има. Советникот Мишко Поповски прво се извини што задоцни на седницата поради обврски на работа, а потоа додаде ова е важна одлука и не треба да се брза, поважна е од патувањето за Скопје поважна е од сите партиски активности. Овде не плаќаат граѓаните и треба да донесиме правилна одлука не е важно колку ќе расправаме, ако треба и да ја одложиме седницата важно е да се донеси правилна одлука. Потоа побара пауза од 15 минути. После паузата Претседателот на Советот Благоја Станојоски истакна точката е од голем

интерес за општината и за претпријатието, досега цело време работите се на терет на општината, одлуката која треба да е донесиме од голема важност. Затоа предложи точката да се одложи за наредниот ден да дојди градоначалникот на седница и претставник од јавното претпријатие. Да добиеме подетални објаснувања. Советникот Мишко Поповски се согласи да се одложи точката градоначалникот да ги свика координаторите на советничките групи и после тоа да се стави точката на дневен ред. Не мора да биди за наредниот ден нека се одложи за повеќе дена важно е да се донесе правилна одлука. Советничката Христина Бојаџиева Андреска додаде за средба со координаторите треба да биди на иницијатива на градоначалникот, нема ние да бараме да се сретниме, досега никој не не побарал. Нема потреба од одлагање што ќе се смени. Јас сум против одлагање можи да се гласа по точката. Советничката Марија Кочовска додаде ако сметате дека има потреба од дополнително објаснување, има нејасни работи да се одложи, меѓувреме да се свика средба со координаторите кај градоначалникот и да има претставник од јавното претпријатие. Нема присутен претавник од јавното претпројатие тоа е правило кое го имавме поставено го прекршивме. Советникот Мишко Поповски додаде тоа веќе повеќе пати го преминавме. Обврските да се остават настрана да се посветиме на ова што е на дневен ред ако треба и два саати ќе расправаме. Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде дискусија имаше доволно има предлог за одлагање на точката. Потоа предлогот го стави на гласање. За предлогот да се одложи точката гласаа 5 „за“ 4 „против“ 2 „воздржани“. Предлогот не беше прифатен. Бидејќи други предлози немаше дискусијата беше исцрпена Планот за вработување беше ставен на гласање. За донесување на планот гласаа 5 „за“ 1 „против“ 5 „воздржани“. Планот не беше донесен.

***ТОЧКА 2. Одлука за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културното богатство“***

За Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културното богатство“ објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Оваа одлука беше донесена предходната година каде општината учествуваше со половина од средствата односно со околу 4 милиони. Возилото е од исклучително значење на општината. Пред еден месец не известина поради пандемијата се одлучило средствата за 2022 година да се реализираат оваа година, со тоа во 2022 година нема да има повик. Поради тоа општините имаа на располагање повеќе средства. Предлог беше да се оди со друг проект или да се намали учеството на општините во планираните проекти. Ние одлучивме да одиме со истиот проект, но да го намалиме учеството така со наредната одлука која е предлагаме општина Демир Хисар да учествува со 2 милиони денари. Советничката Валентина Ѓорѓиовска забележа со ваквата одлука општината ја пропуста шансата да учествува со уште еден проект. Ако одеше со друг проект можеби ќе добиеше повеќе средства. раководителот Милошевски објасни сите општини се договорени средствата да ги искористат на ваков начин односно општина Демир Хисар ќе добие 6 милиони, а во 2022 нема да има повик. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 9 „за“ 2 “воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 3. Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културното богатство“***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културното богатство" во расправата од предходната точка објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 9 „за" 2 „воздржани" против немаше.

***ТОЧКА 4. Предлози и прашања***

Советникот Мишко Поповски предложи во иднина наредните 4 месеци додека трае мандатот на овај сотав на Совет сите барања за помош на граѓаните да не ги разгледува комисијата за опшествени дејности да се замрзнат односно да се разгледуваат директно на Совет, Советот да одлучува до изборите, со цел да нема злоупотреба.

Советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде толкави списоци за помош на граѓани, паралелни списоци од градоначалник од комисија даваат сомнеж. За предлогот гласаа 4 „за" 4 „против" 2 „воздржани" еден советник не гласаше предлогот не беше прифатен.

Советникот Мишко Поповски упари забелешка за гласањето, побара повторно да се гласа, бидејќи еден од советниците не гласаше. Советниците од позицијата не се согласија повторно да се стави предлогот на гласање. За ваквата постапка реагираше советникот Мишко Поповски кој укажа четири години опозицијата е конструктивна, цело време се инсистира на конструктивна работа и соработка во Советот, и ваквиот начин на постапки не е во ред. Четири години постојано бараме член од опозицијата да има во Комисијата за опшествени дејнсоти заради да нема сомнеж, вие не дозволувате. Потоа имаме извештај со доделена помош на две лица од исто семејство. Со оваа постапка прајте злоупотреба ги делите лицата партиски. Исто така и со јавното претпријатие не обвинувате, а цело време вие уценувате вие имате мнозинство, донесете ги одлуките. Претседателот на Советот Благоја Станојоски реагираше на ваквите обвинувања не се согласува со тоа, еве кажете кој има поднесено барање и е одбиен по тие основи, и не во ред сега пред избори да се менува правилникот. Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 647/3**
**28.06 .2021 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Благоја Станојоски с.р.**